Европската комисија

# Европска квалификациска рамка:

## поддршка за учење, работа и прекугранична мобилност

**10-годишнина**



Социјална Европа

Ракописот е завршен во февруари 2018 година прво издание

Ниту Европската комисија, ниту кое било лице кое дејствува во име на Комисијата не е одговорно за користењето на овие податоци.

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, 2019

© Европска унија, 2019

Фотографии од фондот: © Shutterstock.com

Повторната употреба е дозволена под услов да се наведе изворот.

Политиката за повторна употреба на документите на Европската комисија е регулирана со Одлуката 2011/833/ЕУ (СВ L 330, 14.12.2011 г., стр. 39).

За секоја употреба или репродукција на фотографии или друг материјал кој не е под авторски права на ЕУ, дозволата мора да се бара директно од носителите на авторските права.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Print | ISBN 978-92-76-08536-2 | doi:10.2767/608509 | KE-02-19-458-MK-C |
| PDF | ISBN 978-92-76-08538-6 | doi:10.2767/491378 | KE-02-19-458-MK-N |

# Европска квалификациска рамка:

## поддршка за учење, работа и прекугранична мобилност

## Содржина


Предговор 4

Вовед 5

ЕКР: што претставува и како функционира? 6

Дескриптори кои ги дефинираат нивоата во ЕКР 17

Како може ЕКР да се употреби и кој има корист од ЕКР? 20

Какво влијание има ЕКР досега? 25

Поглед кон иднината 28

Акроними 30




# Предговор



*„Во нашиот современ свет, на луѓето им се потребни можности за да ги унапредат своите вештини кои ќе ги употребат за промена на работната позиција, видот на работа и за понатамошна обука. Европската квалификациска рамка е камен-темелник на нашата соработка за полесно разбирање и препознавање на вештините и квалификациите на луѓето кога се преселуваат дома или во странство за работа или за студирање. Благодарение на ЕКР, работодавачите можат полесно да ги споредат странските квалификации со националните и подобро да ги разберат вештините на кандидатите. ЕКР им помага на луѓето да го искористат својот талент, олеснувајќи им го патот кон понатамошно учење и поддржувајќи го подоброто совпаѓање на вештините со оние на пазарот на трудот"*

**Marianne Thyssen**
Европска комесарка за вработување, социјални работи, вештини и мобилност на работната сила

# Вовед

**Во нашиот современ свет, на луѓето им е потребен збир од вештини кои се далеку поопсежни и поопфатни, за да работат, да комуницираат, да добијат пристап до информации, до производи и до услуги и да земат учество во социјални и граѓански активности.**

Правилното разбирање и вреднување на вештините и квалификациите е од суштинско значењеза да се постигне подобро совпаѓање помеѓу понудата на вештини и потребите на пазарот на трудот. Заедничката европска рамка може да го поддржи разбирањето и вреднувањето на вештините и квалификациите. Таа, исто така може да им помогне на поединците да стекнат вештини и да ги надградуваат истите во текот на својот живот, во процесот на пренасочување кон различни видови и нивоа на образование, како и во периодот помеѓу образованието и вработувањето, во рамките на сопствената држава, како и помеѓу различните земји.

Квалификациите го изразуваат она што луѓето го знаат, разбираат и што се способни да направат. Постојат различни форми на квалификации, како на пример (универзитетска) диплома или сертификат (за вештини и занаети). Транспарентноста за она што реално луѓето го научиле за да добијат одредена квалификација („резултати од учењето“) игра клучна улога во процесот на осигурување дека поединците, работодавачите и центрите за образование и обука им даваат соодветна економска, социјална и академска вредност на квалификациите.

Европската квалификациска рамка за доживотно учење (ЕКР) има за цел да ја подобри транспарентноста, споредливоста и преносливоста на квалификациите кои ги поседуваат луѓето. ЕКР беше формирана во 2008 година како заедничка референтна рамка на квалификации, изразени како исход од учењето при зголемување на нивото на знаење. Рамката служи како преведувачки уред помеѓу различните системи на квалификации и нивните нивоа. Таа треба да им биде од корист на учениците, работниците, барателите на работа, работодавците, синдикатите, центрите за образование и обука, органите за признавање квалификации, владините тела и меѓународните организации.

Препораката за европската квалификациска рамка (ЕКР) беше ревидирана во 2017[1] година со цел да се прилагоди на современата реалност и да биде подготвена за идните предизвици. Нејзината ревизија ги задржа основните цели договорени пред една деценија за создавање транспарентност и заемна доверба во контекст на квалификациите во Европа. Ревизијата беше една од десетте клучни активности од Новата стратегија за вештини за Европа, која има за цел да го подобри квалитетот и релевантноста на обуката, да ги направи вештините повидливи и да го подобри нивното развивање[2]. Како што вели и самото име, ЕКР исто така е една од рамките која помага во реализацијата на принципите на Европскиот столб на социјални права[3].

Првиот од 20-те принципи на Столбот е дека секој има право на квалитетно и инклузивно образование, обука и доживотно учење со цел да се одржат и стекнат вештини, кои му овозможуваат целосно учество во општеството и успешно управување со транзициите на пазарот на трудот.

1 http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=uriserv:OJ.C_.2017.189.01.0015.01.ENG&toc=OJ:C:2017:189:FULL
2 http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1223
3 http://ec.europa.eu/social/pillar



# ЕКР: што претставува и како функционира?

## Што е квалификација?

ЕКР ја дефинира квалификацијата како *„формален исход од процесот на оценување и валидација што се добива кога надлежното тело ќе утврди дека поединецот има постигнато резултати од учењето според утврдените стандарди“.*

## Зошто квалификациите се важни?

Квалификациите служат за различни цели. Тие им укажуваат на работодавачите што да очекуваат од лицата кои што ги поседуваат истите, што треба да знаат, да направат и да разберат („резултати од учењето“). Тие може да бидат потребни за пристап до одредени професии. Тие им помагаат на образовните институции и центрите за образование и обука да го одредат нивото и содржината на учењето стекнато од страна на поединецот. Исто така тие се важни за поединецот како израз на неговото лично достигнување. Квалификациите играат важна улога во зголемувањето на можностите за вработување, олеснување на мобилноста и подобрување на пристапот до понатамошно образование.

Квалификациите обично се во форма на сертификати и дипломи доделени за образование, обука, учење и (понекогаш) за работа. Содржината и нивото на квалификации, кои се дел од рамката за обезбеден квалитет, се доверливи извори на информации. Тие служат како форма на валута која поединците можат да ја користат за вработување или за понатамошни цели за учење.

## Создавање квалификации што се потранспарентни и споредливи помеѓу земјите

Европските системи за образование и обука се разновидни и тие ги изразуваат националните традиции. Кога станува збор за учење или вработување, разликите коишто постојат меѓу нив го отежнуваат оценувањето на поединецот со квалификација од друга земја за тоа што знае, разбира и може да работи. Поради тоа, вредноста на квалификацијата доделена во една земја не мора задолжително да се разбере во други земји, што може да ја попречи „довербата“ во квалитетот и содржината на таквите квалификации. Истото важи и за квалификациите доделени надвор од системите за формално образование и обука, како и од меѓународни тела и организации. Овој недостаток на доверба може да влијае на професионалниот развој, пристапот до можностите за вработување и пристапот до понатамошно учење, создавајќи бариери за мобилноста во земјите на ЕУ и преку границите.

ЕКР е заедничка референтна рамка која овозможува лесно споредување на квалификациите од различни земји. Ова се постигнува со поддржување на употребата на резултатите од учењето за секоја квалификација, за да се направат потранспарентни и полесни за разбирање. На овој начин ЕКР ја поддржува прекуграничната мобилност на учениците и работниците и го промовира доживотното учење и професионалниот развој низ цела Европа.

## Што е квалификациска рамка?

Квалификациската рамка ги класифицира квалификациите согласно со збирот на критериуми за постигнатите конкретни нивоа на учење. Таа има за цел да ги интегрира и координира квалификациите, како и да ја подобри транспарентноста, пристапноста и квалитетот на квалификациите во однос на пазарот на трудот, системот за образование и обука и граѓанското општество.

Квалификациските рамки го поддржуваат доживотното учење (т.е. сите активности за учење преземени во текот на животот), со цел да се подобрат знаењата, вештините и компетенциите во рамките на лична, граѓанска, социјална и/или перспектива поврзана со работата. Оваа дефиниција го опфаќа целиот спектар на формално, неформално и информално учење.

## ЕКР: резултатите од учењето како главен принцип

Квалификациите отсекогаш обезбедувале информации за времетраењето на учењето и за институцијата или локацијата каде што се одвивало учењето. Информациите за тоа што да се очекува од носителот на квалификацијата, во смисла на знаење, вештини и компетенции, е помалку вообичаено и транспарентно.

ЕКР и сите Национални квалификациски рамки (НКР), кои се однесуваат на тој принцип, го следат пристапот кон резултатите од учењето. Ова значи дека и содржината и нивото на квалификација го одразуваат она што се очекува од носителите да знаат, да разберат и да бидат способни да направат (резултати од учењето).

Преминувањето кон принципот на резултатите од учењето ја зголемува транспарентноста на квалификацијата и ја подобрува нејзината споредливост меѓу различни земји и во рамки на земјите (на пример, помеѓу различни видови квалификации на исто ниво, или различни нивоа на квалификации од ист тип). Преку својот фокус на резултатите од учењето, ЕКР може да им помогне на граѓаните да го најдат својот пат во поширокиот спектар на различни и комплексни квалификации.

Пристапот насочен кон резултатите од учењето придонесува за понатамошно подобро совпаѓање помеѓу вештините потребни за пазарот на трудот и обезбедувањето на образование и обука, истовремено овозможувајќи и валидација на учењето стекнато во различни средини. Со фокусирањето на она што ученикот го знае, може да го направи и може да го разбере, резултатите од учењето помагаат да се отворат квалификации кои водат кон поширока разновидност на патеки за учење и искуства.

## Суштината на ЕКР е заедничката референтна рамка која содржи дескриптори на ниво

ЕКР е дефинирана според осум нивоа засновани на резултатите од учењето. Придружните дескриптори на нивото покажуваат како се зголемуваат очекувањата за знаење, вештини, самостојност и одговорност додека учениците напредуваат од ниво 1 до ниво 8. Овие нивоа, заедно со дескрипторите, функционираат како класификациска таблица и овозможуваат да се споредат квалификациите од различни земји и институции.

## Дескриптори на резултатите од учењето

Дескрипторите на резултатите од учењето на ЕКР (види страница 17) изразуваат две димензии: нивоа и области на учење.

Димензијата *„ниво“* евидентира како сложеноста од резултатите од учењето се зголемува паралелно со квалификациските нивоа. На пример, нивото на самостојност која се очекува од лицето кое поседува квалификации од ниво 2 е многу помало од очекувањата за лицето кое поседува кавалификации од ниво 7.

Димензијата *„области на учење“* прави разлика помеѓу *„знаења“*, *„вештини“* и *„самостојност и одговорност“*, дозволувајќи им на различните видови квалификации да се класифицираат на исто ниво. На пример, квалификациите со исто ниво на севкупните резултати од учењето може да имаат повеќе академска, стручна или професионална ориентација.

ЕКР е дизајнирана да ги опфати сите видови и нивоа на квалификации, вклучувајќи ги оние од високото образование, стручното образование и обука и општото образование, како и квалификациите доделени од приватниот сектор или меѓународните организации.

## Граници на ЕКР

Во контекст на ЕУ, политиките и активностите во однос на вештините и квалификациите (освен оние кои овозможуваат пристап до регулирани професии) се засновани врз членовите 165 (образование) и 166 (стручна обука) од Договорот за функционирање на ЕУ. Двете статии јасно даваат до знаење дека дејствувањето на ЕУ се однесува на охрабрувањето на соработката помеѓу земјите-членки и доколку е потребно, поддршка и дополнување на нивното дејствување, при целосно почитување на нивните системи за образование и обука и културната и јазичната разновидност.

## ЕКР не е:

- рамка за усогласување на квалификациите или квалификациските стандарди меѓу земјите-членки на ЕУ (но може да доведе до развој на слични квалификации меѓу две или повеќе земји);
- воведување автоматско признавање на квалификациите помеѓу земјите-членки на ЕУ (но зголемената транспарентност може да го олесни признавањето);
- рамка фокусирана на класификацијата на индивидуалните компетенции преку дескриптори базирани на учење (но ЕКР може да ја инспирира и да ја олесни проценката и валидацијата на, на пример, вештини стекнати преку работни и животни искуства).

## Како функционира повикувањето на ЕКР во реалноста?

Препораката за ЕКР ги повикува земјите-членки да се повикаат на своите НКР или системи на ЕКР, со цел да се воспостави јасна и транспарентна врска меѓу нивните национални нивоа на квалификации и осумте нивоа на ЕКР.

Со оглед на тоа дека ЕКР е, прво и основно, алатка за преведување, квалификациите не се директно вклучени во ЕКР. Наместо тоа, тие се вклучени во НКР, каде што нивното ниво и вредност во странство може да се разберат во однос на осумте нивоа на ЕКР. Овој превод станува видлив за граѓаните, како што сè повеќе нивоата на ЕКР се додаваат во националните сертификати и дипломи и се вклучени во НКР.

Секоја земја, која сака да ги поврзе националните нивоа на квалификации со ЕКР мора да подготви детален референтен извештај, кој ги следи 10-те референтни критериуми на ЕКР, споредени во Анекс III на ревидираната Препорака за Европска квалификациска рамка (ЕКР).

Референтните критериуми треба да обезбедат дека НКР се повикуваат на ЕКР на кохерентен и транспарентен начин. Критериумите исто така помагаат при структурирањето на референтни извештаи, кои треба да вклучуваат влез и писмени изјави од националните тела за обезбедување квалитет и од меѓународни експерти.

## Референтни критериуми на ЕКР

1. Одговорностите и/или правната компетентност на сите релевантни национални тела вклучени во процесот на упатување се јасно утврдени и објавени од страна на надлежните органи.

2. Постои јасна и докажана поврзаност помеѓу нивоата на квалификации и системите на НКР и дескрипторите на ниво на ЕКР.

3. НКР или системите и нивните квалификации се засноваат на принципот и целта на резултатите од учењето и се поврзани со припремите за валидација на неформалното и информалното учење и со кредитните методи, таму каде што тој принцип одговара.

4. Процедурите за вклучување на квалификациите во НКР или за опишување на местото на квалификациите во националниот систем за квалификации се транспарентни.

5. Националниот систем за осигурување на квалитет за образование и обука се однесува на националните квалификациски рамки или системи и тие се усогласени со принципите за осигурување на квалитет, како што е утврдено во Анекс IV во Препораката за ЕКР.

6. Процесот на упатување вклучува изјава од релевантните тела за обезбедување квалитет дека извештајот за референци е во согласност со релевантните национални уредувања, одредби и пракса за обезбедување квалитет.

7. Процесот на упатување вклучува меѓународни експерти, а извештаите за референци содржат писмени изјави за процесот на упатвање од најмалку двајца меѓународни експерти од две различни земји.

8. Надлежниот орган или органи го потврдуваат упатувањето на НКР или системите со ЕКР. Надлежните органи објавуваат сеопфатен извештај, во кој се наведува упатувањето и доказите што го поддржуваат, вклучувајќи ги и националните координативни точки на ЕКР, и одделно го обработуваат секој од критериумите. Истиот извештај може да се користи за само-сертификација на квалификациската рамка на европското подрачје за високо образование, во согласност со критериумите за само-сертификација на истата.

9. Во рок од шест месеци откако ќе го упатат или ажурираат извештајот за упатување, земјите-членки и другите земји-учеснички ќе го објават извештајот за упатување и ќе доставaт релевантни информации за целите за споредба на релевантниот европски портал.

10. Покрај процесот на упатување, сите ново издадени документи поврзани со квалификациите кои се дел од НКР или системите (на пр. сертификати, дипломи, дополнувања на сертификати/дипломи) и/или квалификациски регистри, издадени од надлежните органи треба да содржат јасна референца, преку НКР или системите до соодветното ниво на ЕКР.

## Улогата на Советодавната група на ЕКР

Советодавната група за ЕКР беше формирана во 2008 година за да се обезбеди целосна кохерентност и да се промовира транспарентноста и довербата во процесот на упатување. Нејзината улога беше потврдена со Препораката од 2017 година.

Со групата претседава Европската комисија и се состои од национални претставници (по двајца претставници од земјите-членки и од другите 11 земји-учеснички), учесници на пазарот на трудот, претставници на образовниот процес и на граѓанското општество, како и на Советот на Европа. Таа е поддржана од стручноста на Европскиот центар за развој на стручна обука (Cedefop) и Европската фондација за обука (ETF).

Групата детално го разгледува секој извештај за упатување и им обезбедува повратни информации на земјите коишто ги презентираат. Презентацијата и дискусијата за извештаите е наменета за подобро разбирање на НКР и системите помеѓу земјите кои учествуваат во имплементацијата на ЕКР. Целта на овој процес е да се дојде до реалистично разбирање на НКР-и и нивната поврзаност со ЕКР, како и квалификациите вклучени во НКР и механизмите за обезбедување на квалитет. Во овој процес на ревизија од страна на другите земји учеснички, членовите на ЕКР ја играат улогата на „пријатели критичари“ и им помагаат на колегите од други земји да ги претстават нивните системи и квалификации на транспарентен начин.

Една земја ќе биде упатена на ЕКР откако Советодавната група за ЕКР ќе утврди дека извештајот за упатување е доволно транспарентен и ги почитува сите 10 критериуми за упатување на ЕКР. Доколку Советодавната група смета дека извештајот и дадените објаснувања се незадоволителни, од земјата ќе биде побарано да даде појаснувања или да поднесе ревидиран извештај за време на друг состанок на Советодавната група за ЕКР.

Како централен форум за дискусија помеѓу Комисијата, земјите-членки и засегнатите страни за имплементација на ЕКР, Советодавната група за ЕКР игра важна улога во градењето доверба меѓу земјите вклучени во ЕКР. Довербата дополнително се развива преку активности за учење со другите земји учеснички со специфичен тематски фокус.

## Ревизија на Препораката за ЕКР во мај 2017 година

Формирањето на ЕКР го започна процесот на споредување на квалификации во Европа на многу полесен начин. Во 2017 година, Препораката за ЕКР - што ја одразува силната поддршка од сите земји-членки - беше ревидирана за да се вклучат нови елементи кои ќе помогнат рамката да се приспособи на предизвиците на денешницата и иднината. Овие нови елементи вклучуваат:

- покана до земјите-членки, нивните НКР-и да бидат ажурирани во согласност со актуелната ЕКР;
- ревидирани принципи за обезбедување квалитет фокусирани на квалификациите;
- размена на информации и консултации меѓу земјите-членки, со цел да се обезбеди доследност на нивоата наменети за меѓународните квалификации вклучени во нивните НКР;
- можност за развивање и примена на критериуми и процедури кои ќе овозможат рамките за квалификации од трети земји да се споредат со ЕКР;
- препораки за воспоставување подобра комуникација за ЕКР.

Покрај тоа, постоечките практики беа направени потранспарентни со нивно вклучување во Препораката (на пример, критериумите за референцирање за ЕКР).

## Ажурирање на упатувањето на ЕКР

Извештаите за референцирање за ЕКР претставуваат „краток блиц" период и на крајот ќе застарат бидејќи НКР и системите ќе продолжат да се развиваат. Ова е причината зошто ревидираната Препорака за ЕКР ги повикува земјите-членки да го разгледаат и да го ажурираат својот извештај за референцирање кога е релевантно. Информациите вклучени во извештаите за референци треба да бидат точни и транспарентни, бидејќи тоа директно влијае на степенот на доверба во НКР. На овој начин, преводот на националните нивоа на квалификации во нивоа на ЕКР ќе остане релевантен и во согласност со националните системи за квалификации. Ова, исто така, одредува до кој степен ЕКР може да ја олесни споредливоста и преносливоста на квалификациите.

Упатувањето од НКР на ЕКР, како и достапната споредливост, исто така влијае на прегледувањето и обновувањето на националните квалификации. Процесот на учење од другите земји учеснички што се одвива на ниво на ЕУ може да покаже кои промени се потребни во системот за образование, обука и квалификации кои ќе бидат од корист за учениците.

## Објавување на извештаи за упатување

Земјите кои се упатуваат до ЕКР се поканети јавно да ги објават резултатите од процесот во рок од шест месеци, како на национално, така и на европско ниво. Во моментот, на европско ниво, тоа се прави преку порталот за Можности за учење и квалификации.

Земјите, исто така, можат да ги споделат информациите од нивната национална база на податоци или регистри за квалификации, поврзувајќи ги со порталот за Можности за учење и квалификации или да ги објавуваат нивните квалификации на Европскиот портал за вештини, компетенции, квалификации и занимања (ESCO). Податоците за квалификациите мора да го вклучат нивото на ЕКР (и НКР) и информациите за резултатите од учењето. Објавените информации ги прават квалификациите лесно достапни за поединци, работодавачи, центрите за образование и обука, тела за верификација и така натаму.

## Нивоа на ЕКР во сертификати, дополнувања и регистри на квалификации

Откако ќе се упатат на ЕКР, земјите се повикуваат да достават јасна референца за соодветното ниво на ЕКР во сите квалификациски документи издадени од надлежните органи (на пример, сертификати, дипломи, додатоци) и/или регистри на квалификации. Со нивно претставување на сертификатите и дипломите се помага ЕКР (и НКР) да бидат разбирливи за поединците и работодавачите.

## Принципи на ЕКР за обезбедување квалитет

Довербата во квалитетот и нивото на квалификации со нивото на ЕКР е од суштинско значење за да се поддржи мобилноста низ секторските и географските граници, со што гаранцијата за квалитет ќе биде неопходна. Препораката од 2017 година ги зајакна принципите за обезбедување квалитет на ЕКР, кои се изразени на следниве начини:

- Земјите-членки треба да гарантираат дека квалификациите на ниво на ЕКР се во согласност со заедничките принципи за обезбедување квалитет утврдени во Анекс IV, без да се навлегува во националните начела за обезбедување квалитет што се однесуваат на националните квалификации.
- Критериумите 5 и 6 за референцирање на ЕКР се однесуваат на обезбедување квалитет. Критериумот 5 бара националниот систем за осигурување на квалитет за образование и обука да се однесува на националните квалификациски рамки или системи и тие да се усогласени со принципите за осигурување квалитет, како што е утврдено во Анекс IV во Препораката. Критериумот 6 наведува дека процесот на референцирање вклучува изјава од релевантните тела за обезбедување квалитет, дека извештајот за упатување е во согласност со релевантните национални уредувања, одредби и практики во однос на обезбедување квалитет.

- Анексот IV од Препораката за ЕКР содржи 10 принципи за обезбедување квалитет за квалификациите кои се дел од НКР или системите кои се однесуваат на ЕКР. Тие наведуваат дека на сите квалификации со ниво на ЕКР им треба обезбедување квалитет, за да се зголеми довербата во нивниот квалитет и ниво. Принципите се компатибилни со двете постоечки европски рамки за обезбедување квалитет: рамката за европски стандарди и насоки (ESG) за високо образование и рамката за Европско обезбедување на квалитет во стручното образование и обука (EQAVET) за стручно образование и обука (VET).

## Принципи за обезбедување квалитет за квалификации со ниво на ЕКР

Во согласност со националните околности и земајќи ги предвид секторските разлики, обезбедувањето квалитет на квалификациите со ниво на ЕКР треба:

- да се осврнува на дизајнот на квалификациите, како и на примената на пристапот за учење од резултатите;
- да обезбеди валидна и сигурна проценка во согласност со договорените и транспарентни стандарди засновани на резултатите од учењето, и да го опфати и процесот на сертификација;
- да се состои од механизми и постапки за повратни информации за континуирано подобрување;
- да ги вклучи сите засегнати релевантни страни во сите фази од процесот;
- да биде составено од конзистентни методи за оценување (евалуација), самооценување и надворешна ревизија;
- да биде составен дел од внатрешното управување, вклучувајќи ги и под-договорните активности помеѓу органите што ги издаваат квалификациите со ниво на ЕКР;
- да се заснова на јасни и мерливи цели, стандарди и упатства;
- да биде поддржано од соодветни ресурси;
- да вклучува редовна ревизија на постојните надворешни тела за мониторинг или агенции кои вршат осигурување на квалитет;
- да вклучува резултати од евалуацијата до кои ќе може да се пристапи електронски.

## ЕКР и кредитните системи

Со примена на пристапот на резултати од учењето, ЕКР и НКР треба да обезбедат подобра поддршка на поединците во движење (i) помеѓу различните нивоа на образование и обука, (ii) во рамките и помеѓу секторите на образование и обука, (iii) помеѓу образованието и обуката и пазарот на трудот, и (iv) во границите на одделните земји и прекугранично.

Според ревидираната Препорака, земјите-членки на ЕУ се согласни дека доколку НКР ги содржат или се поврзани со кредитните системи, тие треба да се преземат на координиран начин со цел да се поддржат транзициите и да се олесни напредокот. За оваа цел се развиени седум принципи кои се компатибилни со постојните алатки за транспарентност за кредитните системи како што се Европскиот кредит трансфер и систем за акумулација (ECTS) во високото образование и Европскиот кредит трансфер систем за стручно образование и обука (ECVET) во VET.

## ЕКР и квалификациската рамка на европското подрачје за високо образование

ЕКР е компатибилна со квалификациската рамка на европското подрачје за високо образование и показателите на нејзиниот циклус. Рамката беше договорена од страна на министрите за образование на меѓувладиниот Болоњски процес во 2005 г. Со исклучок на Косово[4], сите земји-членки на ЕКР учествуваат во Болоњскиот процес. Краткиот циклус (кој може да биде поврзан со, или е во рамките на првиот циклус), првиот, вториот и третиот циклус од рамката соодветствуваат на нивоата на ЕКР, соодветно од 5-8 ниво.

Повеќето земји кои вклучуваат упатувања кон европската квалификациска рамка имаат подготвено самостоен извештај кој исто така вклучува само-сертификација на квалификациските рамки во европското подрачје за високо образование.

4 Овој назив не го доведува во прашање тврдењето за статусот и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1244 и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласување на независноста на Косово.

# Дескриптори кои ги дефинираат нивоата во ЕКР

| | Знаења | Вештини |
|---|---|---|
| | Во контекст на ЕКР, знаењата се опишани како теоретско и/или фактичко. | Во контекст на ЕКР, вештините се опишуваат како когнитивни (вклучувајќи ја и употребата на логичко, интуитивно и креативно мислење) и практични (вклучувајќи и мануелни вештини и користење на методи, материјали, алатки и инструменти). |
| Ниво 1 | Основни општи знаења. | Основни вештини потребни за извршување на едноставни задачи. |
| Ниво 2 | Основни фактички знаења од полето на работа или студирање. | Основни когнитивни и практични вештини потребни за користење на релевантни информации при извршување задачи и решавање на рутински проблеми со користење на едноставни правила и алатки. |
| Ниво 3 | Познавање на факти, принципи, процеси и општи концепти од полето на работа или студирање. | Опсег на когнитивни и практични вештини потребни за да се извршат задачите и да се решат проблемите со избирање и примена на основни методи, алатки, материјали и информации. |
| Ниво 4 | Фактичко и теоретско знаење во поширок контекст од полето на работа или студирање. | Опсег на когнитивни и практични вештини потребни за да се генерираат решенија за специфични проблеми во полето на работа или студирање. |
| Ниво 5 | Сеопфатно, специјализирано, фактичко и теоретско знаење во рамките на одредена област на работа или студирање и свесност за границите на тоа знаење. | Сеопфатен опсег на когнитивни и практични вештини потребни за да се развијат креативни решенија за апстрактни проблеми. |
| Ниво 6 | Напредно познавање од одредена област на работа или студирање, вклучувајќи критичко разбирање на теориите и принципите. | Напредни вештини, демонстрирање на стручност и иновативност, потребни за решавање на сложени и непредвидливи проблеми во специјализирана област на работа или студирање. |
| Ниво 7 | Високо специјализирано знаење, од кое дел се од најновите знаења, во полето на работа или студирање, како основа за оригинално размислување и/или истражување.<br><br>Критичка свест за познавање на теми од таа област и на поврзаноста помеѓу различните области. | Специјализирани вештини за решавање проблеми кои се потребни при истражување и/или иновации за да се развие ново знаење и процедури и да се интегрира знаењето од различни области. |
| Ниво 8 | Знаење на најнапредно ниво од одредена област на работата или студирањето, и поврзаноста со други области. | Најнапредни и специјализирани вештини и техники, вклучувајќи синтеза и евалуација, потребни за решавање на критични проблеми во истражувањето и/или иновациите, како и проширување и редефинирање на постоечкото знаење или професионална пракса. |

## Одговорност и самостојност

Во контекст на ЕКР, одговорноста и самостојноста се опишуваат како способност на ученикот самостојно и со одговорност да ги применува знаењата и вештините.

| | |
|---|---|
| Работа или студирање со директен надзор во структуриран контекст. | Ниво 1 |
| Работа или студирање под надзор со одредена доза на самостојност. | Ниво 2 |
| Преземање одговорност за завршување на задачите во работата или студирањето.<br><br>Приспособување на сопственото однесување на дадените околности во решавањето на проблемите. | Ниво 3 |
| Практикување на само-управување во рамките на насоките во контекст на работа или студирање, кои вообичаено се предвидливи, но се предмет на промена. Надгледување на вообичаената работа на другите, преземање одредена одговорност за евалуација и подобрување на работните или студиските активности. | Ниво 4 |
| Извршување на менаџерски и надзорни активности во контекст на работа или студирање каде што има непредвидливи промени.<br><br>Преглед и развивање на сопствените постигнувања и постигнувањата на другите. | Ниво 5 |
| Управување со сложени технички или професионални активности или проекти, преземање одговорност за донесување одлуки за непредвидливи работни или студиски контексти.<br><br>Преземање одговорност за управување со професионален развој на поединци и групи. | Ниво 6 |
| Управување и трансформирање на работни или студиски контексти кои што се сложени, непредвидливи и кои бараат нови стратешки пристапи.<br><br>Преземање одговорност за придонес кон професионалното знаење и праксата, и/или за ревизија на стратешките перформанси на тимовите. | Ниво 7 |
| Покажува значителен авторитет, иновативност, автономија, научен и професионален интегритет и постојана посветеност на развојот на нови идеи или процеси кои што се водечки во работните или студиските контексти, вклучувајќи ги и истражувањата | Ниво 8 |



# Како може ЕКР да се употреби и кој има корист од ЕКР?

ЕКР беше креирана за повеќе цели. Иако нејзината клучна цел е да им помогне на граѓаните да продолжат со своето образование и кариера, рамката, исто така, ги поддржува засегнатите страни во образованието, обуката и вработувањето да ги подобрат нивните политики и практики. Како сеопфатна и инклузивна референтна рамка за квалификации, која ги опфаќа сите видови и нивоа, ЕКР има многу корисници, тргнувајќи од поединци, работодавачи, синдикати, образовни и центри за обука, тела за признавање квалификации, до владини органи и меѓународни организации.

Дел од успешните и очекувани придобивки за различни целни групи се сумирани подолу.

## ЕКР ги поддржува кариерите на пазарот на труд

Квалификациите нудат пристап до работните места и ја обезбедуваат основата на која се градат кариерите. Вработувањето или префрлувањето од едно на друго работно место бара утврдени квалификации, правилно проценети и правилно вреднувани од страна на работодавачите и другите учесници на пазарот на трудот. Можноста на квалификација да сигнализира што нејзиниот носител знае, разбира и е во состојба да направи е од суштинско значење.

Употребата на резултатите од учењето за опис на квалификациите - и нивно вклучување во европските и националните нивоа на квалификации - им олеснува на работодавачите да ги толкуваат квалификациите на апликантите.

ЕКР исто така им овозможува на работодавачите подобро да ги проценат квалификациите од други земји и институции што не им се познати. Тие можат подобро да го разберат нивото на секој кандидат, да ги споредат неговите квалификации со националните квалификации, да ја разберат релевантноста на тие квалификации и да видат како резултатите од учењето се совпаѓаат со потребите на компанијата или секторот.

Преку ЕКР, работодавачите можат да ја третираат Европа како еден посебен квалификациски простор. Ова ги намалува пречките за мобилност на работната сила, поддржува подобра искористеност на постоечките знаења, вештини и компетенции и го подобрува соодносот помеѓу побарувачката на работна сила и понудата.

## ЕКР промовира заеднички јазик помеѓу образованието и обуката и пазарот на трудот

Со промовирање на промената кон резултатите од учењето, ЕКР исто така може да го олесни дијалогот за потребите на пазарот на трудот и одредбите на системите за образование и обука. Структурираниот дијалог со употреба на резултатите од учењето како заеднички јазик, помага во зајакнување на релевантноста и зголемување на атрактивноста на квалификациите.

## ЕКР и НКР, како мапа која им помага на учениците да донесуваат одлуки за понатамошното образование и обука

ЕКР како што е тесно поврзана со НКР во 39 Европски земји[5], обезбедува сеопфатна мапа на сите видови и нивоа на квалификации во Европа. Со оглед на тоа што стануваат сè подостапни преку националните бази на податоци за квалификации, учесниците можат да ги користат рамките за да го идентификуваат нивото на одредена квалификација и како таа е поврзана со други квалификации. Како мапа која ги поврзува различните НКР, ЕКР е релевантна за различни групи ученици и обезбедува лесно достапен преглед на квалификациите и како истите да се стекнат. Лицата кои бараат дополнително образование или обука можат да ги користат рамките како почетна точка за информации за релевантни курсеви и програми.

## ЕКР и НКР го олеснуваат доживотното учење

Отварањето на квалификациите за широк спектар на искуства поврзани со учење, на пример од областа на работата и слободното време, е од суштинско значење за промовирање на доживотното учење. Пристапот со резултатите од учењето овозможува да се земат предвид и искуствата надвор од формалното образование.

## Валидација на неформалното и информалното образование во Европа

Повеќето европски земји имаат започнато подготовки за валидација на неформалното и информалното учење. Овие подготовки за валидација им овозможуваат на учениците да ги одредат и оценат сопствените квалификации и доколку тие ги исполнуваат утврдените барања и стандарди, да дојде до нивно делумно или целосно признавање. Ова е важно за граѓаните за да се избегне двојната работа, а да се земат предвид разновидните и богати искуства со учењето[6].

Флексибилните начини на учење се важен предуслов за олеснување на доживотното учење. Кредит трансферот и подготовките за акумулација, се дел од овој пристап. ЕКР и нејзините резултати од учењето го поддржуваат кредит трансферот и акумулацијата и заедно со валидацијата на неформалното и информалното учење, можат директно да го олеснат доживотното учење.

5 http://www.cedefop.europa.eu/en/events-and-projects/projects/national-qualifications-framework-nqf
6 http://www.cedefop.europa.eu/en/events-and-projects/projects/validation-non-formal-and-informal-learning

## Квалификациите со ниво на ЕКР се стабилна валута

Бидејќи системите за образование и обука се разликуваат помеѓу земјите, може да биде тешко да се процени вредноста и релевантноста на странските квалификации. Како резултат на тоа, постои ризик квалификациите да не се точно проценети и оценети. Истиот проблем може да се појави кога се комбинираат квалификациите од различни сектори и институции за образование и обука.

Денес, низ цела Европа, нивоата на ЕКР се сè повеќе вклучени во националните сертификати и дипломи, со што се овозможува јасна слика за тоа како одредена квалификација е поврзана со други квалификации во поширок европски контекст. Систематската и долгорочна соработка меѓу земјите преку ЕКР и НКР, кои делуваат како чувари на квалитетните квалификации, се гаранција дека на овие нивоа може да им се верува во цела Европа. Како резултат на тоа, граѓаните полесно можат да направат разлика меѓу квалификациите на кои што може да им се верува или оние на кои не може или на оние кои се „лажни". На овој начин ЕКР, исто така, служи како еден вид „заштита на потрошувачите".

## ЕКР го олеснува признавањето на квалификациите

ЕКР го олеснува признавањето на квалификациите преку промовирање на употребата на резултатите од учењето, овозможувајќи им на лицата што ги поседуваат и ги добиваат квалификациите директно да ја проценат содржината, нивото и профилот на квалификацијата за која што станува збор.

ЕКР е во соработка со други европски и меѓународни инструменти кои го поддржуваат признавањето на квалификациите. Додека овие инструменти се фокусираат или на регулирани и/или на академски квалификации, ЕКР го поддржува признавањето на учењето за сите квалификации.

## Европски и меѓународни инструменти кои го поддржуваат признавањето на квалификациите

- Директивата 2005/36/ЕС се однесува на признавањето на професионалните квалификации во ЕУ, овозможувајќи им на професионалците да се движат преку границите во други земји за да ја работат својата професија или да обезбедуваат услуги[7];
- Лисабонската конвенција за признавање[8] е меѓународен договор управуван од УНЕСКО и Советот на Европа, кој дозволува признавање на академските квалификации во Европа и пошироко;
- Мрежата ENIC/NARIC[9] е мрежа од национални центри воспоставени за директно да ги поддржат институциите и граѓаните со признавањето на академските квалификации.

7 https://ec.europa.eu/growth/single-market/services/free-movement-professionals/qualifications-recognition_en
8 https://rm.coe.int/168007f2c7
9 http://www.enic-naric.net/

## ЕКР поддржува други алатки на ЕУ за транспарентност

Европската комисија, во текот на последната деценија, во тесна соработка со земјите-членки, започна со употребата на бројни алатки за поддршка на модернизацијата на европските системи за образование и обука. Фокусирајќи се на потребата од зголемена транспарентност и споредливост на вештините и квалификациите, овие алатки го поддржуваат географското и доживотното учење на граѓаните. Перспективата поврзана со резултатите од учењето може да се смета за „лепило" што ги поврзува овие алатки заедно, почитувајќи ја разновидноста на националните решенија, но истовремено овозможувајќи им да функционираат заедно.

Многу од овие алатки се однесуваат директно на граѓаните, како што е случајот со Europass и кредит системите за високо образование (ECTS) и VET (ECVET). Додека Europass поддржува поединци во нивното учење и кариера, кредит системите ги олеснуваат флексибилните начини на учење и доживотното учење.

Друга група на алатки ја поддржува работата на националните власти и институции и индиректно се осврнува на потребите на граѓаните. Ова се однесува на голем број насоки за кариера и валидација на иницијативите за учење, каде што европските иницијативи се поттик за поставување на национални договори и практики за споделување. Алатките кои ја поддржуваат соработката за обезбедување квалитет во високото образование (ESG) и VET (EQAVET) имаат за цел да ја зголемат довербата и транспарентноста помеѓу земјите. Понатаму, со воведувањето на ЕСКО класификацијата, Комисијата воспостави терминологија која го поддржува фокусот на резултатите од учењето и зајакнувањето на дијалогот помеѓу засегнатите страни во образованието и обуката и пазарот на трудот.



# Какво влијание има ЕКР досега?

## Преглед

Од 2008 година, во ЕКР се вклучија 39 земји. Дополнително кон овие 28 земји-членки на ЕУ, оваа бројка вклучува 11 земји кои не се членки (Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Исланд, Косово[10], Лихтенштајн, Црна Гора, Норвешка, Србија, Швајцарија и Турција).

Во моментот, 35 земји (27 земји-членки на ЕУ и 8 земји кои не се членки) ги имаат упатено своите национални квалификациски рамки (НКР) или системите кон ЕКР. Ова значи дека е воспоставена јасна врска меѓу националните и европските нивоа. Исто така повеќето референтни извештаи беа објавени на Европскиот портал за можностите за учење и квлификации[11].

За да се постигне целосно спроведување и да се зголеми свеста кај пошироката јавност, земјите треба да преземат мерки, нивните квалификации да содржат јасна препорака за соодветното ниво на ЕКР. Европските нивоа треба да се појават на квалификациските документи и во базите на податоци или регистри на квалификации за да ги направат квалификациите потранспарентни и споредливи. Видливоста на нивоата на ЕКР се клучен елемент за успешно спроведување на ЕКР.

Во моментот, 23 земји кои се упатени кон ЕКР, ги прикажуваат нивоата на ЕКР на сертификатите, дипломите или Europass додатоците, додека пак 17 земји ги прикажуваат нивоата на ЕКР во базата на податоци или регистри на квалификации. Голем број земји сега работат на поврзување на своите бази на податоци со портал за можностите за учење и квалификации во Европа. Тие, исто така, можат да ги поврзат нивните квалификации со порталот на ESCO[12].

## Развој на НКР и промената кон резултатите од учењето

ЕКР има големо влијание врз развојот на НКР во Европа. Во моментов, се поставени 43 НКР, додека, пак, пред усвојувањето на првата Препорака на ЕКР во 2008 година постоеја само 3.

Повеќето земји имаат воведено рамки од осум нивоа, иако некои имаат помалку или повеќе (на пример, француската рамка има 5 нивоа, ирската 10, а шкотската 12). Неколку земји исто така користат под-нивоа, кои се сметаат за важни за задоволување на интересите на одредени засегнати страни, а понекогаш и за доделување на заслужени награди.

Додека раните фази на ЕКР главно беа насочени кон позиционирање на НКР, со цел да се повикаат на ЕКР, сегашните активности на многу НКР се концентрираат на доделување нивоа на индивидуални квалификации и разгледување на квалификациите. Преку развојот на националните рамки, ЕКР придонесе за подобрување на транспарентноста на националните системи за квалификации.

## Дијалог меѓу засегнатите страни

Друг ефект кој што беше постигнат е вклученоста и дијалогот помеѓу учесниците во образованието/обуката и вработувањето и различните учесници во областа на образованието/

10 Овој назив не го доведува во прашање тврдењето за статусот и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1244 и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласување на независноста на Косово.

11 https://ec.europa.eu/ploteus/

12 http://ec.europa.eu/esco

обуката. Инспирирани од европската квалификациска рамка (ЕКР), скоро сите референцирани национални квалификациски рамки (НКР), се сеопфатни рамки, кои вклучуваат широк спектар на квалификации. Како резултат на тоа, воспоставена е постојана структура за дијалог во неколку земји, кои ги вклучуваат државните власти, високото образование, стручното образование и обука (VET), социјалните партнери и граѓанските организации.

## НКР и повисокото стручно образование и обука (VET)

Спроведувањето на ЕКР и овој дијалог резултираа во повисоко ниво на еднаквост помеѓу VET и високото образование, во некои земји. Дескрипторите на ЕКР се неутрални во поглед на академската и професионалната обука и не можат да предвидат на кое ниво треба да се поставаат различните типови на квалификации. Спроведувањето на ЕКР покажува дека стручните и професионално-ориентираните квалификации исто така можат да се упатат на нивоата од 5-8 (на пример, квалификациите за германски и австриски мајстори-занаетчии се упатуваат на ниво 6, додека швајцарскиот НКР е експлицитно дизајниран да го поддржи овој принцип).

## Поврзување на квалификациските рамки и валидација на неформалното и информалното учење

Препораката од 2012 година за валидација на неформалното и информалното учење, ја согледа поврзаноста со НКР како важна за понатамошното спроведување на подготовките за валидација низ цела Европа. Ажурирањето од 2016 година на Европскиот инвентар за валидација[13] потврди дека, во моментот, земјите даваат висок приоритет на поврзувањето на рамките и договорите за валидација. ЕКР и НКР преку нивно фокусирање на резултатите од учењето, делуваат како појдовна точка за идентификување, документирање, оценување и признавање на учењето стекнато во неформални и информални средини.

## Доделени квалификации надвор од формалното образование и обука

Повеќето европски НКР опфаќаат квалификации понудени во рамките на формалното образование и обука (на пример, стручно образование, високо образование и општо образование). Овие квалификации се регулирани и доделени од страна на националните власти. Сепак, постои растечки тренд помеѓу земјите да ги отворат своите рамки, за да ги вклучат квалификациите доделени за континуирано и понатамошно образование и обука, кои честопати се доделуваат надвор од формалниот национален систем за квалификации.

## Влијание во светски рамки

ЕКР и нејзините дескриптори на нивоата беа извор на инспирација за развој на квалификациски рамки низ светот. Во моментов има повеќе од 150 НКР кои веќе постојат или се во развој[14]. Позитивен ефект од ЕКР кој е релативно добро познат надвор од Европа е дека телата за признавање квалификации полесно ги разбираат квалификациите, што го олеснува нивното признавање.

13 http://www.cedefop.europa.eu/en/events-and-projects/projects/validation-non-formal-and-informal-learning/european-inventory
14 https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/406d3baf-deef-11e7-9749-01aa75ed71a1/language-en



# Поглед кон иднината

Ревизијата на Препораката за ЕКР во мај 2017 година придонесе за нов поттик во процесот на ЕКР. Препораката ги повикува земјите-членки кога ќе бидат подготвени да ги прегледаат и ажурираат своите препораки упатени кон ЕКР, што ќе им помогне во потврдата дека информациите за поддршка на препораките се точни, транспарентни и ги одразуваат сите релевантни промени на национално ниво. Во исто време, суштината на ЕКР процесот, односно препораките на НКР и нивните нивоа во ЕКР, остануваат исти.

Ревидираната Препорака претставува важен чекор во созревањето на ЕКР. Додека раните фази на ЕКР беа главно фокусирани на упатување на НКР кон заедничката референтна рамка, процесот сега се карактеризира со вклучување на квалификациите во рамки. Сите рамковни квалификации кои се однесуваат на ЕКР треба да ги почитуваат заедничките начела за обезбедување квалитет, содржани во Анекс IV од Препораката.

Во контекст на ЕКР, поставувањето процедури за одредување нивоа на меѓународните квалификации вклучени во националните рамки ќе претставува ново поле на работа во кое размената на информации и консултации меѓу земјите-членки ќе бидат клучни за конзистентност.

Ревидираната Препорака исто така отвора можност за соработка со трети земји со цел да се овозможи споредба на нивните (национални или регионални) квалификациски рамки со ЕКР. Овој тип на соработка би можела да ја зајакне споредливоста на квалификациите од европските земји и третите земји и да ја олесни мобилноста на граѓаните на ЕУ и граѓаните на земјите надвор од ЕУ.

Во блиска иднина, понатамошната работа ќе се насочи кон опис, употреба и примена на резултатите од учењето со цел да се зголеми транспарентноста и разбирањето и споредливоста на квалификациите.

Комуникацијата ќе се подобри за поуспешно да се допре до работодавачите, образовните институции и останатите центри за обука, учениците, работниците и другите засегнати страни и тие да се информираат за придобивките од ЕКР и НКР. Со цел да се прикаже додадената вредност на ЕКР и да се поттикне нејзината употреба, ревидираната Препорака продолжува да ја нагласува важноста за прикажување на соодветните нивоа според квалификациите на ЕКР.

И за крај, ЕКР исто така е подготвена да се соочи со идните случувања поврзани со учењето и работата. За да се приспособат на денешниот дигитален свет, нивоата на ЕКР ќе бидат прикажани и во базите на податоци за квалификации. Покрај тоа, во ревидираната Препорака е вклучен и заеднички збир на податоци за електронско објавување на информации за квалификации со ниво на ЕКР. Ова ќе им помогне на сите вклучени страни да продолжат со новите начини на споделување и поврзување на информациите во корист на учениците, работниците, барателите на работа и работодавачите. Исто така ќе продолжи и работата на европските портали со цел да се осигура дека информациите за квалификациите ќе бидат достапни и објавени, притоа приспособувајќи се на потребите на утрешната реалност.

# Acronyms

| | |
|---|---|
| Европски центар за развој на стручни обуки | **Cedefop** |
| Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука | **ECVET** |
| Европски кредит трансфер и систем за акумулација | **ECTS** |
| Европска квалификациска рамка за доживотно учење | **EQF** |
| Обезбедување квалитет во стручното образование и обука во Европа | **EQAVET** |
| Вештини, компетенции, квалификации и занимања во Европа | **ESCO** |
| Европски стандарди и упатства за обезбедување квалитет во европското подрачје за високо образование | **ESG** |
| Европска фондација за обука | **ETF** |
| Европска унија | **ЕУ** |
| Национална квалификациска рамка | **НКР** |
| Стручно образование и обука | **VET** |

**Стапете во контакт со ЕУ**

**Посетете нè лично**
Насекаде во Европската унија постојат стотици информативни центри Europe Direct. Можете да ја најдете адресата на најблискиот центар до вас на интернет-страницата:  http://europa.eu/contact

**Јавете ни се или испратете ни е-порака**
Europe Direct е службата што ќе ви даде одговор на вашите прашања за Европската унија. Со оваа служба можете да стапите во контакт на:
– бесплатниот телефонски број: 00 800 6 7 8 9 10 11 (одредени оператори можат да наплатат за овие повици),
– на следниот стандарден број: +32/22999696 или
– со e-mail преку: https://europa.eu/european-union/contact_en

**Информирајте се за ЕУ**

**Online**
Информации за Европската унија на сите официјални јазици на ЕУ се достапни на интернет страницата на Europa на: https://europa.eu/european-union/index_en

**Публикации за ЕУ**
Бесплатни и други публикации за ЕУ ви се достапни на следниата интернет страница: https://publications.europa.eu/en/publications. Повеќе копии од бесплатни публикации може да се добијат со директен повик во Europe Direct или кај вашиот локален информативен центар (информации ќе најдете на следната интернет страница: https://europa.eu/european-union/contact_en).

**Закони на ЕУ и други документи**
За пристап до правните информации од ЕУ, вклучувајќи го и целото законодавство на ЕУ од 1952 годинана на сите официјални јазици, можете да ја погледнете следниата интернет страница EUR-Lex на адреса: http://eur-lex.europa.eu

**Отворени податоци од ЕУ**
Европскиот портал за отворени податоци (http://data.europa.eu/euodp/en) обезбедува пристап до бази на податоци од ЕУ. Податоците може да се симнуваат и повторно да се користат бесплатно, како за комерцијални, така и за некомерцијални цели.

KE-02-19-458-MK-N

Европската квалификациска рамка за доживотно учење (ЕКР) има за цел да ја подобри транспарентноста, споредливоста и преносливоста на квалификациите кои ги поседуваат луѓето. Оваа брошура е објавена за да ја одбележи 10-годишнината од ЕКР и обезбедува општ преглед на рамката, како таа може да се употреби и за кого е корисна. Исто така ги истакнува достигнувањата на ЕКР во изминатите 10 години и обезбедува и поглед во иднината.

Можете да ги преземете нашите публикации или да се пријавите за бесплатно информирање на: ec.europa.eu/social/publications

Доколку сакате да добивате редовни известувања од Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и инклузија, регистрирајте се за бесплатниот електронски весник на социјална Европа на следниот линк: ec.europa.eu/social/e-newsletter

@socialeurope

@EU_Social

Publications Office
of the European Union